УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ - СКОПЈЕ

UDK 34

ISSN 0583-5062

# ГОДИШНИК

## НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

# ANNUAIRE

## DE LA FACULTÉ DE DROIT „IUSTIANUS PRIMUS“ DE SKOPJE

***ВО ЧЕСТ НА ГАЛЕ ГАЛЕВ***

ТОМ 59

Скопје 2021

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ - СКОПЈЕ

# ГОДИШНИК

# НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

# ANNUAIRE

# DE LA FACULTÈ DE DROIT „IUSTINIANUS PRIMUS“ DE SKOPJE

ВО ЧЕСТ НА
ПРОФ. Д-Р ГАЛЕ ГАЛЕВ

СКОПЈЕ, 2021

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ - СКОПЈЕ**

# ГОДИШНИК НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

| ГОДИШНИК | ТОМ 59 | СКОПЈЕ<br>SKOPJE | 2019 |
|---|---|---|---|

# ANNUAIRE DE LA FACULTÈ DE DROIT „IUSTINIANUS PRIMUS“ DE SKOPJE

РЕДАКЦИСКИ ОДБОР

Уредник на Годишникот
проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска

Уредувачки одбор на Годишникот во чест на проф. д-р Гале Галев, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје:

проф. д-р Арсен Јаневски (Република Северна Македонија)
проф. д-р Родна Живковска (Република Северна Македонија)
проф. д-р Слободан Перовиќ (Република Србија)
проф. д-р Марко Баретиќ (Република Хрватска)
проф. д-р Зоран Рашовиќ (Црна Гора)
проф. д-р Бранко Мораит (Босна и Херцеговина)
проф. д-р Владо Петров (Република Бугарија)

Секретар на Годишникот
проф. д-р Неда Здравева

Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје
ул. Гоце Делчев 9б 1000 Скопје, Република Северна Македонија

Лектура: Лилјана Јовановска

Печати: Стоби Трејд, ДООЕЛ
тираж: 100 примероци

СОДРЖИНА
НА ГОДИШНИКОТ НА ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ
ВО ЧЕСТ НА ПРОФ. Д-Р ГАЛЕ ГАЛЕВ

**ВО ЧЕСТ НА ПРОФ. Д-Р ГАЛЕ ГАЛЕВ........................................................V**

**ПРИВАТНО ПРАВО**

Slobodan Perović
PREDNACRT GRAĐANSKOG ZAKONIKAREPUBLIKE SRBIJE......................1

Yevgeny Alekseyevich Sukhanov
CONTRACT AND CORPORATE LAW CORRELATION....................................19

Миодраг В. Орлић
СУБЈЕКТИВНА ДЕЛИКТНА ОДГОВОРНОСТ (У ПРЕДНАЦРТУ СРПСКОГ ГРАЂАНСКОГ ЗАКОНИКА).........................................................................29

Zoran P. Rašović
PROGLAŠENJE OPŠTEG IMOVINSKOG ZAKONIKA ZA KNJAŽEVINU CRNU GORU - NA CETINJU, 26. APRILA 1888. GODINE................................49

Мирко Васиљевић
ПРИВРЕДА И ПРАВНИ РЕЖИМ НЕКИХ ПРАВА МАЊИНСКИХ АКЦИОНАРА – ЈЕДИНСТВО ИНТЕРЕСА ИЛИ ЈЕДИНСТВО СУПРОТНОСТИ....................................................................................65

Radovan D. Vukadinović
RETHINKING ON THE CONCEPT AND CONSEQUENCES OF NONPERFORMANCE OF CONTRACTUAL OBLIGATIONS AND BREACH OF CONTRACT.......................................................................................81

Branko Morait
ABOUT THE SUBJECT AND METHOD OF THE DEVELOPMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA CIVIL CODE......................................................101

Владимир Петров
РЕФОРМАТА ВО БУГАРСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ......................................113

Christa Jessel-Holst
MACEDONIAN CIVIL LAW BEFORE THE GERMAN COURTS...................125

Emine Zendeli
THE RIGHT TO MORTGAGE IN THE LIGHT OF
EUROPEAN CIVIL CODES....................................................................................591

Katerina Anchevska Netkovska, Aleksandra Grozdanova
PATENTS IN BIOSIMILAR MEDICINAL PRODUCTS, THE NEW
CHALLENGE IN IPR.......................................................................................607

Гоце Галев
КОНТРОЛА НА СПОЈУВАЊЕТО НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА.................619

Игор Камбовски
ВИДОВИ ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ГРАЃАНСКОТО ПРАВО...............................633

Ненад Гавриловиќ
ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ОД ЖИВОТНИ.................................................649

Неда Здравева
КОНЦЕПТОТ НА ГРАЃАНСКОПРАВНАТА ОДГОВОРНОСТ НИЗ
ПРИЗМА НА ОДГОВОРНОСТА ЗА ШТЕТА ВО МАКЕДОНСКИОТ
ПРАВЕН СИСТЕМ.........................................................................................681

Јован Зафировски
БАНКАРСКИТЕ ДЕЈНОСТИ ВО НОВИОТ ГРАЃАНСКИ ЗАКОНИК НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.........................................................................701

Марија Амповска
ВИДОВИ ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЖИВОТ ВО ПРАВНАТА ТЕОРИЈА
И ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО.....................................................................713

Елена Игновска
ПРАВАТА НА ДЕЦАТА ЗАЧНАТИ СО ДОНИРАН
ГЕНЕТСКИ МАТЕРИЈАЛ...............................................................................729

Милка Ракочевиќ
ДОЛЖНОСТ ЗА ЗБОРУВАЊЕ НА ВИСТИНАТА ВО
ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА...........................................................................749

д-р Игор Камбовски[1]

# ВИДОВИ ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ГРАЃАНСКОТО ПРАВО
# SPECIAL TYPES OF AGENCY IN CIVIL LAW

УДК: 347.133.4
347.462
1.02 Прегледна научна статија

**Апстракт**

*Институтот застапување во облигационите и трговските односи е исклучително актуелен, пред сè, поради разновидноста на граѓанско-правните односи во кои стапуваат субјектите, нивната деловна способност, нивната мобилност и сè поголемото присуство на меѓународниот елемент во склучувањето на различните видови договори и стапување во правни односи. Востановувањето, промената или престанокот на правните односи меѓу субјектите на граѓанското право сè поретко се остварува непосредно, со физичко присуство на двете страни, а сè почесто со користење на технички средства, посредници или застапници. Поради тоа, посебен интерес предизвикуваат различните видови застапување со кои се опфатени сите субјекти на граѓанското право, имајќи го предвид нивниот правен статус и состојба.*

**Клучни зборови:** *Видови застапување, субјекти, деловна способност*

## Непосредно-директно застапување

Директното-непосредно застапување претставува преземање и склучување правни работи од страна на едно лице (застапник) во име и за сметка на друго лице (застапуван), при што правните дејства на правната работа се однесуваат директно на застапуваниот. Ова е најчест вид застапување

1 Редовен професор, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев"– Штип, kambovski@yahoo.com igor.kambovski@ugd.edu.mk

во граѓанското право, но и во трговското право, каде одредени правни установи го познаваат само директното застапување. Така, трговското полномошно и прокурата се типични примери на примената на директното застапување. Ако трговскиот застапник прими облик на директен застапник, тој дејствува како полномошник на трговецот и формално се доближува до прокуристот и трговскиот полномошник. Но, тоа не е доволно за изедначување на нивниот правен статус. Имено, фигурата на трговскиот застапник продолжува да се карактеризира со својата независност и трајно дефинирани односи со властодавецот-принципалот, прецизирани во специфичниот (агентски) договор за трговско застапување. Од друга страна, пак, прокуристот и трговскиот полномошник (кој е дополнително обврзан со договор за работа) се лично и трајно врзани и обврзани кон властодавецот, и имаат овластувања да вршат правни работи од кои правата и обврските директно се пренесуваат на властодавецот. Овие разлики произлегуваат, пред сѐ, од односот на поголема доверба и блискост кој се создава меѓу властодавецот и прокуристот, односно трговскиот полномошник.

## Посредно-индиректно застапување

Индиректното-посредно застапување влече корени од римското право, односно римскиот правен систем го познавал само индиректното застапување. Пред партикуларизацијата на правото, во времето на римското приватно право, важел принципот дека, ако некому му било наложено, по сила на договор или закон, да дејствува за друго лице, тој склучувал договор од свое име и лично станувал носител на правата и обврските кои произлегувале од него. Дури потоа тој можел да му ги префрли правата и обврските што ги добил на застапуваниот, за да и тој стане страна (посредно, индиректно) на договорот. Конкретно, застапуваниот се стекнувал со права и обврски од договорот дури по нивното префрлање (индиректно), а не директно, по силата на склучувањето[2]. Причините што римското право го познавало само индиректното застапување лежат во уредувањето на односите во римското семејство, но и нивото на правна свест, со оглед на фактот што во конкретните односи со правното дело станувал обврзан лично оној кој го склучил делото, застапникот, а не застапуваниот.

Современата граѓанско-правна мисла ја застапува и брани идејата на директното застапување, односно вршење работи во име и за сметка на друг, со моментално дејство на правата и обврските од тие работи. Но, особено во сферата на трговското право, не смее да се минориза постоењето и функционирањето и на индиректното застапување, дотолку повеќе што таквиот вид застапување претставува основа на неколку правни установи, меѓу кои и договорот за комисион и договорот за трговско застапување.

2 Касабова К., *Търговско пълномощие,* СОФИ-Р, София, 2004, стр. 75

Имено, кај договорот за комисион, комисионерот се обврзува во свое име, а за сметка на комитентот, да склучи едно или повеќе правни дела, а за возврат да бара соодветен надомест (провизија). Правните односи кои произлегуваат од овој договор се следните: правен однос меѓу комисионерот и комитентот – интерен однос во кој се манифестираат специфичностите на договорот за комисион, а чија содржина ја чинат правата и обврските на комисионерот и комитентот поставени така што правата на едниот се обврски на другиот; комисионерот има обврска да го изврши комитентовиот налог, а за таквото извршување комисионерот стапува во правен однос со трети лица, што го претставува екстерниот (надворешен) однос; и конечно, кога комисионерот ќе го изврши налогот, има обврска да му поднесе и сметка на комитентот и да му ги пренесе сите права и обврски кои тој ги има кон третото лице. Тука настанува, започнува завршниот однос меѓу комитентот и третото лице кој ги има истите особини како и претходниот, екстерниот однос, но се разликува во тоа што во договорен однос веќе не е комисионерот, туку комитентот. Ова претставува најеклатантен пример на индиректно застапување во рамки на трговското право. Разликата кај договорот за трговско застапување е во тоа што третото лице во текот на целиот период на преговарање и склучување на договорот знае или треба да знае дека склучува договор со кој не се обврзува застапникот, како што е тоа кај комисионот (комисионерот), туку правата и обврските од склученото правно дело го обврзуваат директно со властодавецот, застапуваниот, со оглед на фактот што застапникот цело време работи во негово име и за негова сметка.

## Договорно застапување

Договорното застапување настанува со договор склучен меѓу застапуваниот (властодавецот) и застапникот (полномошникот). Според една, по малку архаична дефиниција на проф. Лазаревиќ, договорот за полномошно спаѓа во редот на оние договори, според кои едната договорна страна ѝ става на расположение на другата свои услуги и својата работна сила, односно прима врз себе обврска и овластување (мандат) од име и за сметка на другата страна (властодавецот) да преземе и изврши одредени правни работи[3]. Овластувањето за застапување се нарекува полномошно. Согласно Законот за облигационите односи (член 81), полномошното е овластување за застапување што властодавецот со правна работа му го дава на полномошникот. Имено, во Законот фигурира терминот „правна работа“, а не „договор“, па поради тоа во правната теорија настанало мислење дека правно валидно полномошно може да се воспостави и со еднострана правна работа, но и со договор за полномошно како двострана правна работа[4]. Ако полномошното е дадено во вид на еднострана правна работа,

3 Лазаревиќ П. А., *Облигационо право – Посебен дел,* Универзитет во Скопје, 1960, стр. 227

4 Попов Д., *„Грађанско право – Општи део“*, Службени Гласник-Београд, 2005, стр. 257

тоа има значење на еднострано изјавена волја на застапуваното лице во смисол на овластување. Но, ако е дадено во форма на договор за полномошно, како двострана правна работа, означува, покрај правото, и обврска на полномошникот да делува во име и за сметка на властодавецот.

Според друго правно мислење, ако Законот изречно не говори за договорното застапување, туку за овластување за застапување кое се заснова на изјава на волја на застапуваниот, тие две работи не смеат да дојдат во меѓусебен конфликт, со оглед на фактот што секое застапување на основ на изјава на волја на застапуваниот се сведува на договорно застапување. Разликата е единствено во тоа што некаде од самиот почеток постои договор за застапување (така што истовремено со овластувањето настанува и обврската за застапување), а некаде прво настанува овластувањето за застапување (врз основа на еднострана изјава на волја на властодавецот) кое подоцна се прифаќа (изречно или молкум, прећутно), а најдоцна со самото преземање на работата од страна на полномошникот[5]. Кај договорното застапување разликуваме три лица: властодавецот, полномошникот и третото лице со кое се склучува договорот. Меѓу овие лица постои сложен однос кој, како што погоре беше наведено, може да се сведе на два основни односа: однос меѓу властодавецот и полномошникот (внатрешен однос) и однос меѓу властодавецот и третото лице со кој полномошникот го склучува договорот (надворешен однос). Односот меѓу властодавецот и полномошникот е регулиран со договори кои по својата содржина можат да бидат различни. Тие договори содржат клаузули со кои се овластува едната страна за преземање правни работи во име и за сметка на другата страна (договор за налог, договор за дело, договор за трговско застапување). За односот меѓу властодавецот и третото лице меродавно е полномошното (овластувањето за застапување) кое му се дава на полномошникот заради склучување правни работи или презема фактички дејствија во функција на исполнување на налогот за властодавецот.

Полномошното е врзано со основниот однос (на пример, со договорот за работа), но сепак неговото дејство е начелно независно од постоењето на основниот однос. Така, полномошното е, во поглед на настанувањето, самостојно и независно од основниот однос. Тоа најдобро се гледа кај екстерното полномошно, каде што едностраната изјава на волја или соопштението упатено кон третото лице од страна на застапуваниот дека ќе дојде неговиот застапник заради склучување правна работа, воопшто не мора да содржи известување за тоа каков договорен однос постои меѓу властодавецот и полномошникот. Сигурноста на правниот промет бара можност третото лице да може да се повика на изјавата за полномошно, без да го има предвид за него непознатиот однос меѓу властодавецот и полномошникот[6].

5 Станковић О., Водинелић В., *„Увод у грађанско право“*, НОМОС – Београд, 2004, стр. 201

6 Стојановић Д., *Увод у грађанско право – Општи део,* Савремена администрација, Београд, 1976, стр. 167

### Статутарно застапување

Статутарно застапување е она застапување кое го врши лице кое за тоа е овластено со статутот на правното лице, и тоа претставува примарен облик на застапување на правното лице. Изборот на тоа лице е препуштено на одлука на менаџментот или на предлог на содружниците, акционерите или вработените во правното лице. Статутарното застапување може да биде изразено во два облика: тоа може во целост да го исклучи законското застапување преку одземање на таквото право од органот на управување, односно претседателот на тој орган, со што статутарниот застапник станува примарен и единствен застапник на правното лице; втората можност е статутарното застапување да се уреди паралелно со законското застапување, така што правното лице паралелно ќе го застапува и законскиот и статутарниот застапник[7]. Во вториот случај е потребно изречно да се утврди и определи содржината и обемот на овластувањата кои ќе ги извршуваат статутарниот и законскиот застапник, заради разграничување на нивните права, обврски и одговорности во вршење на функцијата на застапувањето. Така, паралелното постоење на статутарен и законски застапник е во функција на олеснување на работата на работоводниот орган во вршењето на застапувањето, со оглед на фактот што статутарниот застапник би требало да биде лице кое е постручно за вршење на работите поврзани со застапувањето на правното лице[8].

### Законско застапување

Под законско застапување се подразбира она застапување кое се заснова на закон, некој друг акт на надлежен орган или правно лице. За дополнување на оваа дефиниција мора да се наведе дека законско застапување постои и во сите случаи кога застапуваното лице не е во можност само да си именува застапник поради деловна неспособност, спреченост или отсутност. Во секој случај, законското застапување е востановено во функција на заштита на интересите на застапуваното лице. Така, кај законското застапување станува збор за овластување за преземање правни работи кое не е добиено од лицето кое е застапувано.

Законско застапување кај правните лица го врши физичко лице кое со закон е овластено да го врши застапувањето. Органот на управување, односно претседателот на управниот одбор е законски застапник на правното лице, доколку со статутот не е определено поинаку. Името на застапникот се запишува во трговскиот регистар. Законскиот застапник склучува договори и други правни работи во име и за сметка на правното лице.

7 Velimirović M., *Privredno pravo OOUR-a,* Svjetlost-Sarajevo, 1980, str. 178

8 ibid, стр. 179

Кај трговските друштва, конкретно, Законот за трговските друштва во член 65 го определува застапникот по закон како физичко лице кое е определено да ја застапува одделната форма на друштвото. Неговото именување, престанување на мандатот и другите податоци, како и ограничувањата на неговите овластувања, се запишуваат во трговскиот регистар. Застапникот по закон не може, без посебно овластување на трговското друштво, да настапува како договорна страна и со друштвото да склучува договори од свое име и за своја сметка, во свое име, а за сметка на други лица, или во име и за сметка на други лица.

Законското застапување на физичките лица се воспоставува во оние случаи кога тие не се во можност, правно или физички, самостојно да преземаат определени правни работи. Така, родителите ги застапуваат своите малолетни деца во остварувањето на конкретни субјективни права; слично е и кај поставувањето старател на наследникот чие живеалиште или престојувалиште е непознато, во функција на заштита на неговите интереси[9].

Законското застапување, генерално, може да се подели според основот на кој се заснова на: законско застапување во потесна смисла, законско-судско застапување и судско застапување во потесна смисла[10]. Така, законско застапување во потесна смисла постои кога непосредно врз основа на закон се определува застапникот и обемот на неговите овластувања. (застапување на малолетните лица од страна на нивните родители врз основа на одредбите на Законот за семејството). Законско-судско застапување постои кога условите за поставување застапник и обемот на овластувањата се определени со закон, а застапникот го определува судот или некој друг надлежен орган. Ова застапување постои во случај на застапување на деловно неспособни лица (штитеници) од страна на нивните старатели. Во оваа група спаѓаат и други ад хок старателства, и тоа во случај на поставување старател на отсустно лице чие престојувалиште или живеалиште не е познато, непознат сопственик на имот, насцитурус, лице лишено од слобода, лице со хендикеп и др.  Судско застапување настанува со одлука на суд, при што судот го определува застапникот и обемот на неговите овластувања. Така, за потребите на процесната постапка, судот може на тужениот, во посебни случаи, да му постави привремен застапник, особено ако постојат спротивставени интереси меѓу тужениот и неговиот законски застапник, или ако двете странки имаат ист законски застапник, или ако престојувалиштето на тужениот е непознато, а тужениот нема полномошник и др.

Исто така, форми на законско застапување се и прокурата, деловното полномошно, трговскиот патник, полномошникот по вработување. И стечајните управници се законски застапници на трговското друштво сè до крајот на стечајната постапка.

---

9 Velimirović, op. cit. str. 179

10 Попов, op. cit., стр. 263

### Застапување на деловно неспособни лица

Со оглед на фактот што малолетните лица не можат сами да вршат правни работи, во нивно име и за нивна сметка тоа можат да го вршат нивните родители, односно старатели, во функција на нивни законски застапници. Доколку детето и по навршување на 18 години возраст е неспособно, со оглед на некои телесни или душевни недостатоци, само да се грижи за себе и своите права и интереси, може да дојде до продолжување на родителската власт сè додека трае таквата состојба. Исто така, постариот малолетник може да се прогласи за потполно деловно неспособен, на ниво на помлад малолетник, доколку не е душевно или телесно доволно развиен. И полнолетни лица можат да бидат прогласени за деловно неспособни лица. Во согласност со причините кои довеле до неспособноста за нормално расудување, можат да бидат прогласени за целосно или делумно деловно неспособни лица. Одлуката за прогласување на полнолетото лице за деловно неспособно ја донесува месно надлежниот основен суд во вонпроцесна постапка, на барање на заинтересираните лица. И враќањето на деловната способност исто така се врши со одлука на суд. Од моментот на покренувањето на постапката до нејзиното окончување судот му поставува на лицето привремен застапник-старател[11].

Постојат различни мислења за тоа кои полнолетни физички лица можат да се сметаат за деловно неспособни. Така, според проф. Малори, во оваа категорија спаѓаат: „луди и безумни лица, лица во состојба на хронична депресија, невроза, шизофренија, психоза, аутисти, расипници, душевно немоќни лица, хронични нарко-зависници и алкохоличари, хендикепирани лица (со физички или ментални пречки), жртви на сообраќајни несреќи, смртно болни, лица во состојба на кома, лица во длабока старост и многу други лица“[12]. Оваа категоризација е премногу широка и не соодветствува со реалноста од причина што длабото навлегува во сферата на личното, интимното, приватното, со што се загрозуваат есенцијалните човекови права на наведените лица. Точно е дека овие лица, генерално гледано, се најчести субјекти на институтот застапување, но во никој случај не смее да се прави поопштување, со оглед на фактот што потребата за нивно застапување е конкретизирана и индивидуализирана и зависи од случај до случај.

### Родители – законски застапници на своите малолетни деца

Со оглед на фактот што малолетните деца го немаат потребниот квантум на деловна способност за свесно и разумно расудување и изразување

11 Георгиевски С., *„Коментар на Законот за вонпроцесна постапка”*, Универзитет „Кирил и Методиј“– Скопје, 1989, стр. 145

12 Malaurie P., *Les personnes, les incapacites*, Defrenois, Paris, 2003, str. 265

правно релевантна волја, во функција на нивни законски застапници се јавуваат нивните родители. Како правен факт од кој зависи настанувањето на потребата за застапување се смета раѓањето на детето[13], по што родителите, по сила на законот, стануваат негови застапници[14]. Законот определува дека застапувањето го вршат двајцата родители подеднакво. Исто така, родителите се овластени да управуваат со имотот на децата, на начин што истиот треба да го зачуваат, да спречат негово намалување или обезвреднување, а приходите од таквиот имот да ги употребуваат првенствено за издржување, воспитување и образование на детето, а во исклучителни случаи и за неопходни потреби на семејството, доколку немаат сопствени приходи и средства. Нивното овластување за застапување на своите деца, кога станува збор за правни работи со кои се отуѓува или оптоварува имотот на децата, може да биде условено не само со целта поради која се преземаат тие правни работи (издржување, воспитување и образование на детето), туку и од одобрение на центарот за грижа и старателство (Центарот за социјална работа – член 89 од Законот за семејството). Законското застапување на родителите може да биде продолжено со судска одлука и по навршување на полнолетството ако детето, поради душевна или телесна заостанатост, не е способно само да се грижи за своите лични права и интереси. Овој институт на продолжување на родителското право и по полнолетноста на детето нема траен карактер, од причина што непосредно зависи од промените во психичкиот развој на детето, така што кога ќе настанат промени кои укажуваат на фактот дека престанале причините поради кои било продолжено родителското право и грижа, судот во вонпроцесна постапка ќе донесе нова одлука со која престанува родителското право, а со тоа и застапувањето и заштитата на правата и интересите на детето[15].

### Старател – законски застапник на малолетник без родителска грижа

Старателството врз малолетните лица на некој начин се одделува од другите видови пред сè заради поголемата застапеност во практиката, но и заради значењето што во општеството му се придава на заштитата на малолетниците. Законот за семејството изречно утврдува дека под старателство ќе бидат ставени малолетни лица кои се без родителска грижа, и на таквите лица органот за старателство му поставува старател по службена должност, во постапка утврдена со закон. Така, старателот го застапува малолетникот,

13 Златарев Е., Боянов Г., Василев А., Мулешкова И., *Основи на правото – книга втора,* ЦИЕЛА, София 2005, стр. 60

14 види: член 48, ст. 1 од Законот за семејството, Службен весник на РМ бр.153/2014-„Родителите имаат право и должност да ги застапуваат своите малолетни деца. “

15 Спировиќ Трпеновска Љ., „*Семејно право“,* Студентски збор – Скопје, 1997, стр. 168

односно е овластен во негово име и за негова сметка, исто како родител, да врши правни работи кои спаѓаат во редовно управување со имотот на детето, но и да се грижи за личноста на малолетникот, а особено за неговото здравје, воспитание, образование и оспособување за самостоен живот и работа (член 160 од Законот за семејството)[16]. Но, и старателскиот орган има право да одлучи непосредно да го застапува малолетникот, или заедно со поставениот старател заедно да го вршат застапувањето на детето, со што фактички му се ограничуваат правата и овластувањата на поставениот старател. За преземање и вршење поважни правни работи старателот може да го застапува малолетникот само со одобрение на старателскиот орган. Исто така, органот за старателство е законски застапник на малолетникот, исто како старателот, ако одлучи сам да го застапува или може да овласти други лица, во функција на полномошници, да го застапуваат малолетното лице.

Старателството над малолетно лице престанува на неколку начини, и тоа: со полнолетство на малолетното лице, со склучување брак (под услов малолетното лице да наполнило 16 години), со посвојување (како замена на природниот родителски однос) и со престанок на причините предвидени во законот за ставање на малолетното лице под старателство[17]. Ако и по полнолетството, поради пречки во психичкиот развој лицето не е способно само да се грижи за себе и за своите права и интереси, старателот или центарот за социјална работа ќе поведат постапка тоа лице по друг основ да биде ставено под старателство (член 164 од Законот за семејството).

### Старател – законски застапник на лице лишено од деловна способност

Општеството е должно да се грижи и за лицата кои, иако се полнолетни, заради определени здравствени недостатоци (душевно заболување, ментална заостанатост и др.) не се во состојба самите да се грижат за себе, како и за остварувањето и заштитата на своите права и интереси. Од друга страна, овие лица, поради нарушеното ментално здравје, можат да предизвикаат штета или да ги загрозат правата и интересите на трети лица, поради што е потребно нивно ставање под старателство, како организирана форма на грижа и заштита на овие лица. Во секој случај, за воспоставување на старателство е потребно овие лица претходно, со судска одлука, да бидат делумно или целосно лишени од деловната способност. Како причини за лишување од деловна способност Законот за вонпарничната постапка (член 34) ги предвидува: душевната болест, слабоумноста, алкохолизмот и злоупотребата на нервни отрови, наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, доколку предизвикуваат состојби

16 ibid, стр. 209–212
17 ibid, стр. 213

на лицето во кои тоа не може да се грижи за себе и за своите права и интереси.

Старателот на лице целосно лишено од деловна способност е законски застапник на ова лице, а неговото овластување за застапување е идентично со овластувањето за застапување кое го има старателот на малолетно лице до наполнети 15 години возраст. Тој е должен да се грижи за личноста, правата и интересите, сместувањето на лицето и за неговото здравје[18]. Старателот, пак, на лице со ограничена деловна способност има овластување за застапување како старателот на малолетник на возраст од 15 до 18 години (член 168 од Законот за семејството).

## Старател над отсутно лице

Во случај на потреба од заштита на правата на лице кое е отсутно, чие престојувалиште не е познато и кое нема ополномоштено друго лице да ги застапува и брани неговите интереси, се поставува старател на таквото лице. Имено, старателот во функција на застапник има овластувања да ги штити правата и интересите на отсутното лице, но и правата и интересите на трети лица кои инаку би можеле да претрпат штета од отсутноста на некое лице.

Според позитивните законски прописи (член 173, став 1 од Законот за семејството), за да се постави старател за посебни потреби над отсутно лице, потребно е да бидат исполнети два услова: да не е познато местото на живеење на лицето, и тоа лице да нема свој застапник-полномошник со овластувања стекнати врз основа на правно дело. Под претпоставка дека таквото лице е живо, треба да му се даде заштита, односно старател-застапник и заштитник на неговите права и интереси, за да се избегне можноста од нанесување штета, и тоа во конкретни случаи, односно за одделни работи[19].

Престанокот на овој вид старателство не е изречно наведен во Законот, но се смета дека старателството престанува со извршување на работите од страна на старателот (оние работи за кои бил поставен) или кога ќе престане потребата од заштита на правата и интересите на отсутното лице, кога отсутното лице ќе се врати, кога ќе се дознае местото на живеење на отсутното лице, кога отсутното лице ќе определи свој застапник, како и со смртта на отсутното лице[20].

## Старател над непознат сопственик на имот

Во контекст на претходното, законот предвидува можност и за поставување старател на непознат сопственик на имот, повторно заради лична заштита на имотните права и интереси на непознатиот сопственик, кој во секое

18 ibid, стр. 214–217
19 ibid, стр. 218–219
20 ibid: стр. 219

време може да се појави и да побара остварување на правата врз имотот, како и заради заштита на правата на други лица кои би можеле да претрпат штета од определени правни работи. Тука во прв ред станува збор за заштита на имотот „без сопственик" од пропаѓање, оштетување или ограбување, и најчесто станува збор за напуштени недвижни имоти или имоти кои нема кој да ги наследи. Во тој случај се поставува старател, во функција на застапник на непознатиот сопственик на имотот, кој има прецизни овластувања да управува со имотот, да се грижи за него, да ги прибира плодовите и приходите, да ги намирува расходите, а во исклучителни случаи и да располага и да го отуѓи имотот, но со посебно овластување од надлежниот орган – центарот за социјална работа. Престанокот на овој вид старателство настапува во моментот кога ќе се дознае сопственикот на имотот[21].

### Договорно застапување на деловно неспособни лица

За давање на полномошно, како и за секоја друга полноважна правна работа, потребна е деловна способност на властодавецот. Ова, генерално, го бара и македонскиот законодавец кој во Законот за облигационите односи (член 47-а, ст.1) предвидува договарачот да ја има потребната деловна способност за склучување на тој конкретен договор.

Од друга страна, пак, во некои западни законодавства (Германскиот граѓански законик, Австрискиот граѓански законик) за застапникот е наведено дека е доволно да располага со ограничена деловна способност. Ова се образложува со фактот што правните последици од правната работа која ќе ја склучи застапникот (ограничено деловно способно лице) ќе го погодат и обврзат застапуваниот, а со оглед на фактот што застапникот од тоа нема да претрпи никаква правна штета, му се дозволува да, како застапник, склучува за друг правни работи кои инаку за себе не би можел да ги склучи. Сепак, домицилното право инсистира на целосна деловна способност на застапникот.

Во секој случај, со оглед на фактот што суштината на застапувањето е пренесување на правата и овластувањата на друго лице-застапник и негово работење во име и за сметка на првото лице – властодавецот, исклучена е можноста за договорно застапување кај деловно неспособните лица, токму поради фактот што овие лица немаат способност свесно и разумно да донесуваат одлуки и да одговараат за своите постапки, ниту пак имаат способност да изразат правно релевантна волја со која ќе склучат договор со кој своите лични овластувања ќе му ги пренесат на застапникот, без оглед на формата на таквиот договор.

21 ibid, стр. 220

**Почеток и престанок на застапувањето на деловно неспособни лица**

Започнувањето на застапувањето кај деловно неспособните лица зависи од тоа за каква категорија лица станува збор. Имено, доколку се работи за малолетно лице, родителското старателство започнува со моментот на раѓањето на детето, и тоа подеднакво за двајцата родители, и трае сè до навршувањето на полнолетството, освен во случај на продолжување на вршење на родителското право и должност по полнолетството поради пречки во развојот, односно доколку застапуваното лице не постигне одреден степен на душевна и телесна развиеност и не е способно само да се грижи за себе и за заштита на своите права и интереси (член 112 од ЗВП). Кај малолетниците без родителско старателство застапувањето започнува со донесувањето на одлуката од страна на старателскиот орган за назначување законски застапник-старател, или преземањето на старателството од страна на органот. Лицето кое е лишено од деловна способност, се стекнува со застапник во моментот кога одлуката на судот за назначување застапник станала правосилна.

Во поглед на престанокот на застапувањето кај овие категории лица постојат одредени разлики. Така, родителите како законски застапници го губат тоа право и овластување со навршувањето на полнолетството на застапуваното малолетно лице, освен, како што беше наведено, во случај на продолжување на родителското право и должност. Исто така, и старателот, односно старателскиот орган со настапувањето на полнолетството на нивниот штитеник го губат овластувањето за застапување. Кај третата категорија лица ситуацијата е најсложена, со оглед на фактот што застапувањето не е врзано за одреден праг на зрелост на застапуваното лице, туку зависи од менталната и физичката кондиција на застапуваниот. Така, доколку се утврди дека одредено лице на кое, со судска одлука во вонпарнична постапка, му била намалена или одземена деловната способност, постигнало повисоко ниво на психофизички развој и истото може свесно и разумно да ги сфати своите постапки и да изразува релевантна волја, судот може во нова постапка да донесе одлука за утврдување, односно враќање на општата, целосна деловна способност кај тоа лице, со што, по автоматизам, престанува застапувањето на лицето.

Исто така, застапувањето престанува и со смрт на застапникот, односно застапуваниот, како и со губење на деловната способност на застапникот.

**Граници на застапувањето**

Границите на застапувањето на деловно неспособните лица се законски поставени и зависат од степенот на нивната деловна способност и нивната возраст. Така, родителите имаат неограничени овластувања за застапување кога се работи за деца и помлади малолетници. Постарите малолетници, на

возраст од 14 до 18 години можат самостојно да склучуваат правни работи, но за нивната полноважност, освен кај правните работи од помало значење, е потребна согласност (претходна или дополнителна) од нивните законски застапници. Правната работа склучена без согласност на застапникот е релативно неважечка – рушлива правна работа која може да се конвалидира во законски рок, со што таквата правна работа станува полноважна од моментот на склучувањето. Значи, родителите ги задржуваат овластувањата за застапување на лицето – постар малолетник, но, со оглед на покачениот степен на неговата деловна способност, тоа може и самостојно да одлучува и презема правни работи, во строго определени случаи и со изречна претходна или дополнителна согласност од родителот – законски застапник. Исто така, кај полнолетно лице на кое делумно му е одземена – ограничена деловната способност кога тоа лице станало неспособно за расудување и изразување правно релевантна волја, или ако со своите постапки ги загрозило своите права и интереси или правата и интересите на други лица, застапникот-старателот има овластувања да ги презема сите правни работи во име и за сметка на тоа лице, освен ако таквите овластувања не му се ограничени со одлуката на судот или на центарот за социјална работа, кој може непосредно да врши одделни работи од старателството.

### Одговорност на застапникот за несовесно застапување или злоупотреба на застапувањето

Кога застапникот ќе склучи правна работа и притоа ќе ги пречекори овластувањата дадени од страна на застапуваниот, таквата правна работа и ефектите од неа не го обврзуваат застапуваниот. Но, таквата правна работа „виси“ и може дополнително да биде одобрена од страна на застапуваниот (ратихабиција на правната работа)[22], така што истата ќе има ретроактивно дејство, од моментот на нејзиното склучување, и во целост ќе го обврзува застапуваниот. Покрај тоа, застапникот може да ја злоупотреби довербата и овластувањето добиено од властодавецот и, во рамки на правната работа да преземе активности заради остварување лична корист и добивка, а на штета на застапуваното лице или третото лице. Во тој случај, правната работа не го обврзува застапуваниот, а застапникот е должен да ја надомести штетата причинета со таквите дејствија. Доколку дојде до склучување на правна работа со трето лице од страна на лице без овластување за застапување (falsus procurator), повторно застапуваниот е во ситуација да го одобри или да не го одобри таквото правно дело. Тука, страната која го склучила договорот со лажниот застапник има право од него да бара да

22 Лазаревиќ, op. cit., стр. 256 – станува збор за правното правило ratihabitio mandati aequiparatur кај кое правната работа по дополнителното одобрение има исто дејство како да била извршена по претходно уредно овластување.

му биде надоместена штетата, доколку во време на склучувањето на договорот не знаела ниту морала да знае дека застапникот, всушност, нема овластување за застапување и склучување на договорот[23].

**Библиографија**

- Velimirović Mihailo, *„Privredno pravo OUR-a“*, Svjetlost, Sarajevo, 1980
- Георгиевски Стефан, *„Коментар на Законот за вонпроцесна постапка“*, Универзитет „Кирил и Методиј“ – Скопје, 1989
- Златарев Емил, Боянов Георги, Василев Атанас, Мулешкова Ирина, *„Основи на правото – книга втора“*, ЦИЕЛА – София, 2005
- Йосифова Таня., *“Мнимо представителство”,* Сиби, София, 2005

- Касабова Камелия., *„Търговско пълномощие“,* СОФИ-Р, София, 2004
- Krejci Heinz, *“Privatrecht”* MANZ, Wien, 2004
- Лазаревић П. Адам, *„Облигационо право – Посебен дел“*, Универзитет Скопје, 1960
- Malaurie Philippe, Aynès Laurent, *“Les Personnes, Les Incapacit*és”, Defrenois, Paris, 2003
- Попов Даница, *„Грађанско право – Општи део“*, Службени гласник – Београд, 2005
- Станковић Обрен, Водинелић Владимир, *„Увод у грађанско право“*, НОМОС –Београд, 2004
- Stojanović D. Dragoljub, *„Uvod u građansko pravo – Opšti deo“*, Savremena Administracija, Beograd, 1976
- Спировиќ-Трпеновска Љиљана, *„Семејно право“*, Студентски збор – Скопје, 1997

23 Krejci H., *Privatrecht,* MANZ-Wien, 2004, str. 82; исто и: Йосифова Т., *Мнимо представителство,* Сиби, София, 2005, стр.96

## SPECIAL TYPES OF AGENCY IN CIVIL LAW


### An Abstract

*Institute of agency-representation in contractual and trade relations is extremely actual, primarily because of the variety of legal relationships between subjects, their legal capacity, their mobility and more frequent presence of international element in concluding various types of contracts and entry into legal relations. The establishment, amendment or termination of the legal relationship between the subjects of civil law is rarely exercised directly, by the physical presence of both parties, but more increasingly by using technical means, intermediaries or agents. Therefore, there is a special interest about different types of agency which cover all subjects of civil law, considering their legal status and condition.*


**Keywords:** *Types of agency, subjects, legal capacity*